Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-513/2
________ година
25-07-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-513/1 од 12.07.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со седиште на [redacted] во Скопје, против лицето [redacted] за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-513/1 од 12.07.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против лицето [redacted] **поради немање активна легитимација за поднесување на претставка за заштита од дискриминација,** а врз основа на член 23 став (3) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**Образложение**

На 12.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка за заштита од дискриминација од подносителот [redacted] против лицето [redacted], за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook.

Во претставката се наведува дека пријавеното лице [redacted] на 29.06.2024 година на својот профил на социјалната мрежа фејсбук објавил објава со следна содржина:
"ОМО "ИЛИНДЕН" ПИРИН
БУГАРИЈА ДАВА ПАРИ И КУПУВА ВЕТЕР, ЗОШТО НАРОДНОСТ СО ПАРИ НЕ СЕ КУПУВА – 130 ГОДИШНА НЕИЗЛЕЧИВА КРАСТА!
28 јуни 2024 година, Благоевград, Пиринска Македонија – Бугарија учествува во фалсификувањето на пописи и во други земји. Тоа што го прави со години во Бугарија – да го фалсификува и намалува бројот на Македонците и зголемува оној на Бугарите за сметка на малцинствата, сега успеа да го направи и во Албанија. Пред 130 години Петар Поп Арсов напиша за Бугарија и нејзиното купување Бугари во Македонија дека, дава пари и купува ветер, зашто народност со пари не се купува!"

Во претставката се наведува дека со ваквата објава пријавениот ја негирал народноста на бугарите наведувајќи дека Бугарија фалсификува попис на население

во повеќе држави како и дека отсекогаш со пари ја купувала народноста на бугарскиот народ. Со ова се наведува, пријавениот ширел лажни вести употребувајќи говор на омраза кон македонските бугари и самата држава Бугарија, без докази, со што поттикнувал омраза, раздор и нетрпеливост и на овој начин повикувал и поттикнувал дискриминација врз основа на потекло, национална и етничка припадност кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание со повреда на нивното достоинство и потекло.

Врз основа на изнесените наводи во предметната претставка се утврди дека подносителот на претставката, [redacted] од Скопје, во конкретниот случај нема активна легитимација за поднесување на претставката што е услов утврден со член 23 став (3) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Ова со оглед на целите на Здружението кои се видни од приложената тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија.

Од овие причини Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
25.07.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД